**Соопштение за постапката за селекција на кандидати за вработување на јавнообвинителски службеници**

Постапката за селекција на кандидати за вработување на јавнообвинителски службеници се врши согласно Законот за јавнообвинителски службеници („Службен весник на Република Македонија“. бр.62/15, 231/15, 11/16 и 21/18) и Правилник за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, соодветното бодирање на меѓународно признатите сертификати, начинот на спроведување на административната селекција, испитите, проверката на веродостојноста на докази и интервјуто, тестот на личност како и начинот на нивно бодување и максималниот број на бодови, од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката на селекција(„Службен весник на Република Северна Македонија“. бр.63/20).

Согласно чл 30,31 и 32 од Законот за јавно обвинителска служба, постапката за селекција на кандидати за вработување се спроведува во три фази на селекција и тоа:

**- Прва фаза - административна селекција,**

**- Втора фаза - испит за јавнообвинителски службеник,**

**- Трета фаза - проверка на веродостојност на докази и интервју.**

- **Прва фаза** – Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите во јавниот оглас, приложените докази во пријавата и нивно бодување.
За кандидатите кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас, постапката на селекција завршува.

Утврдувањето на вкупниот број бодови за секој пријавен кандидат се врши врз основа на бодовите од стручните квалификации, односно бодови од формално и неформално образование, работното искуство во струката, активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори, или уверение од меѓународна институција, на **А1 (A1) нивото или А2 ( A2) нивото** на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ; или Гете Сертификат, како и познавањето на работа со компјутерски програми за канцелариско работење.

Во следната фаза на селекција преминуваат најмногу десет пати повеќе кандидати од бројот на извршители за работното место, а кои биле најдобро рангирани во оваа фаза.

- **Втора фаза** – Испитот за јавнообвинителски службеник се состои од два дела: стручен дел и дел за проценка на интелектуалниот капацитет на кандидатот.

Со стручниот дел, преку одговарање на прашања во вид на тестирање, се проверуваат познавањата на кандидатот од **ОПШТ И СТРУЧЕН**, и тоа:

**ОПШТ ДЕЛ ЗА СИТЕ РАБОТНИ МЕСТА**

- Закон за јавно обвинителство ( Службен весник на РСМ бр. 42/20);
- Закон за јавнообвинителска служба ( Службен весник на РМ бр.62/15, 231/15, 11/16 и 21/18);

**СТРУЧЕН ДЕЛ ЗА ПРАВНИЦИ ( тука спаѓа и работното место В1 Советник за координација на работите на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија)**

- Закон за кривична постапка (Службен весник на РМ бр.150 од 18.11.2010 година) и
- Кривичен законик (Службен весник на РМ бр.37 од 29.07.1996 година и сите негови измени и дополнувања)

**СТРУЧЕН ДЕЛ ЗА ЕКОНОМИСТИ**

- Закон за јавнообвинителска служба ( Службен весник на РМ бр.62/15, 231/15, 11/16 и 21/18);
- Закон за буџетите ( Пречистен текст)
- Закон за јавна внатрешна контрола ( Консолидиран текст)

**СТРУЧЕН ДЕЛ ЗА ИНФОРМАТИЧАРИ**

- извор Интернет

**СТРУЧЕН ДЕЛ ЗА ПРЕВЕДУВАЧ ОД МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК И ОБРАТНО**

- Превод на текст, извор Интернет

**СТРУЧЕН ДЕЛ ЗА САМОСТОЕН РЕФЕРЕНТ УПИСНИЧАР, СТАТИСТИЧАР, И ТЕХНИЧКИ СЕКРЕТАР НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО**

- Правилник за внатрешно работење на јавните обвинителства ( Службен весник на РМ бр. 45/10)

**СТРУЧЕН ДЕЛ ЗА САМОСТОЕН РЕФЕРЕНТ АРХИВАР**

- Правилник за внатрешно работење на јавните обвинителства ( Службен весник на РМ бр. 45/10)
- Уредба за канцеларискот и архивското работење ( Службен весник на РМ бр. 1/14)

**СТРУЧЕН ДЕЛ ЗА СМЕТКОВОДИТЕЛ**

- КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ Закон за сметководството на буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2002, 98/2002, 81/2005, 24/2011 и 145/2015).

**СТРУЧЕН ДЕЛ ЗА ЗАПИСНИЧАР 2 КАТЕГОРИЈА**

- книга Информатика за 7 одд, автор Данијела Ѓорѓевиќ, издавач МОН

**СТРУЧЕН ДЕЛ ЗА ПОМЛАД РЕФЕРЕНТ ЗА СТРУЧНО АДМИНИСТРАТИВНИ**

**РАБОТИ**

- Правилник за внатрешно работење на јавните обвинителства ( Службен весник на РМ бр. 45/10)

**СТРУЧЕН ДЕЛ ЗА ПОМЛАД РЕФЕРЕНТ ДОСТАВУВАЧ**

- Правилник за внатрешно работење на јавните обвинителства ( Службен весник на РМ бр. 45/10) и
- ЗАКОН ЗА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА (Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.150 од 18.11.2010 година)

Согласо чл. 4 од Правилник за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, соодветното бодирање на меѓународно признатите сертификати, начинот на спроведување на административната селекција, испитите, проверката на веродостојноста на докази и интервјуто, тестот на личност како и начинот на нивно бодување и максималниот број на бодови, од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката на селекција(„Службен весник на Република Северна Македонија“. бр.63/20) во сите фази на селекцијата кандидатите може да освојат најмногу 100 бода и тоа распоредени на следниот начин:

| *** | **фаза 1 -** Административна селекција | Можни бодови |
|---|---|---|
| 1. | формално образование | 25 |
| 2. | неформално образование | 2 |
| 3. | работно искуство | 5 |
| 4. | познавање на странски јазик | 5 |
| 5. - 3 | познавање на работа со компјутерски програми за Канцелариско работење | **3** |
| | **Вкупно** | **40** |
| *** | **Фаза 2 -** Испит за јавнообвинителски службеник | Максимум бодови |
| 1. | стручен дел | 25 |
| 2. | дел за проценка на интелектуалниот капацитет | 15 |
| | **Вкупно** | **40** |
| *** | **фаза 3 -** Проверка на веродостојноста на докази и интервју | Максимум бодови |
| **1.** | интервју: општи прашања | **6** |
| **2.**<br>**3.** | интервју : прашања за општите компетенции - 6<br>интервју: прашања за посебните компетенции | **6**<br>**6** |
| **4.** | интервју: активно познавање на македонски јазик | **2** |
| | **Вкупно** | **20** |
| *** | **фаза 4 -** Тест на личност соодветен | Соодветен |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно бодови во сите фази на селекцијата** | **100** |

- **Трета фаза** – Проверката на веродостојност на доказите ја врши Комисијата за селекција најмалку три часа пред почетокот на интервјуто.

Кандидатите кои успешно ја поминале проверката на веродостојност на докази имаат право да продолжат на интервју.

Интервјуто се спроведува усно и/или писмено.

Во рок од три дена од денот на спроведување на интервјуто, согласно со освоените бодови од административната селекција, писмените тестови и интервјуто, за кандидатите кои освоиле најмалку 60% од максималниот број бодови во сите претходни фази на постапката на селекција, Комисијата за селекција за вработување подготвува и на веб страницата на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, ја објавува ранг-листа на кандидатите.